International Labour Organization

ETF: МЕРЕЊЕ НА НЕУСОГЛАСЕНОСТА НА ВЕШТИНИТЕ

25 НОЕМВРИ 2021 г.

Мерење за неусогласеностите на квалификациите и на вештините – методолошки импликации и предизвици за составните чинители на ILO

Валентина Стоевска
Одделение за статистика
Меѓународна организација на трудот

ПРЕГЛЕД

Што е неусогласеност

Сложеност на мерењето

Насоки на ICLS – мерење

Модул на ILO за неусогласеноста на вештините

Што е неусогласеност?

- се користи за да се опишат различни видови неурамнотежености помеѓу вештините и квалификациите што се достапни на пазарот на труд и оние што се потребни на работните места.

Понуда и побарувачка на вештини и квалификации



СЛОЖЕНОСТА НА МЕРЕЊЕТО НА НЕУСОГЛАСЕНОСТА НА ВЕШТИНИ

Најразлични концепти

Најразлични видови вештини и таксономии

Најразлични пристапи за мерење

Најразлични извори

Среќа за добра статистика

⇨ Потреба да се распакува прашањето на неусогласеноста на вештините

Насоки во однос на неусогласеностите на квалификациите и на вештините, донесени на 20-тата меѓународна конференција на ICLS, 2018 год.*

Цел

Да се дадат стандарди за дефинирање и мерење на неусогласеностите на квалификациите и на вештините на **вработените лица**

Да се дадат насоки за најдобра практика во мерењето различни видови неусогласености на национално ниво и да се **надополнат постојните мерила за недоволната искористеност на работната сила**; и

Да се даде основа за создавање меѓународно споредливи статистички податоци на конкретната тема.

* https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---dgreports/---stat/documents/meetingdocument/wcms_648557.pdf

ДЕФИНИЦИИ

Квалификации и вештини



КОНЦЕПТИ

НЕУСОГЛАСЕНОСТ КАЈ ВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА*



*Согласно она што се бара со основната работа
(онаму каде што е релевантно, согласно она што се бара со други работи)

Неусогласеност на квалификации – Мерење

(a) Неусогласеност според степенот на образование (засновано на степен на образование, занимање, релевантност на различни степени на образование за секое занимање или група занимања).

- **Нормативен пристап –** образовни критериуми предвидени за конкретни занимања или групи занимања *(препорачано)*
- **Статистички пристап –** модален степен на образование на сите вработени лица во едно занимање или во група занимања (или години поминати во образование)
- **Пристап преку самопроцена –** заснован на сопственото видување на лицето во однос на тоа дали сопствениот степен на образование е усогласен со степенот на образование што се бара за работното место

(b) Неусогласеност според полето на наобразба (засновано на полето на наобразба, занимање, релевантност на различни полиња на наобразба за секое занимање или група занимања).

- **Нормативен пристап**
- **Статистички пристап**
- **Пристап преку самопроцена**

Неусогласеност на квалификации – Мерење

(a) Неусогласеност според степенот на образование

(b) Неусогласеност според полето на наобразба

- **Нормативен пристап –** Попрецизен, бидејќи се заснова на стручност, но поскап за тековно ажурирање
- **Статистички пристап –** Лесен за примена, не се потребни дополнителни прашања, но чувствителен на степенот на општа наобразба
- **Пристап преку самопроцена –** Лесен за примена, но субјективен (?)

Споредба на методите, истражување на работната сила – LFS

Неусогласеност според степен на наобразба, нормативен и статистички пристап

Усогласени: 59%
Прекумерно образувани: 19%
Недоволно образувани: 22%



Нормативен пристап: Прагови – образовни услови на ISCO со 1-цифрена ISCO ознака

Статистички пристап: Прагови – модален степен на наобразба со 2-цифрена ISCO ознака

Усогласени : 58%
Прекумерно образувани : 23%
Недоволно образувани: : 18%

Споредба на методи

Неусогласеност според степенот на наобразба



Самопроцена (непосреден пристап)



Нормативен: ISCO образовни услови со 1-цифрена ISCO ознака

Споредба на методи

Неусогласеност според степенот на наобразба низ времето

Нормативен: ISCO образовни услови со 1-цифрена ISCO ознака



Статистички: Модален ISCED степен на наобразба со 2-цифрена ISCO ознака



Албанија, истражување на работната сила

Неусогласеност на вештини – Мерење

- севкупни вештини
- конкретни видови вештини

Мерење од страна на работникот: личното видување на усогласеноста на лицето помеѓу неговиот/нејзиниот степен на наобразба и/или вид на вештини и вештините што се бараат на работното место.

Дали работното место одговара на вештините на работникот?

Мерење од страна на работодавачот: процена од страна на работодавачот за вештините што се на располагање (и што се користат на работното место) споредено со вештините што се бараат.

Дали вештините на работникот одговараат на работното место?

Непосредно мерење (процена): се проценува нивото на владеење на избраните видови вештини (пр. писменост, нумеричка писменост и ИКТ-тестови)

Неусогласеност на квалификациите и на вештините: МЕРЕЊЕ ОД СТРАНА НА РАБОТНИЦИТЕ

Буркина Фасо, истражување за транзицијата од образование кон работно место – SWTS 2019 г., возраст 15-29



ПОКАЗАТЕЛИ: Подгрупи од посебен интерес

- Формален/неформален сектор
- Вработени
- Јавен/приватен сектор
- Групи на занимања за кои се бара високи степени на наобразба или во коишто усогласеноста е ниска или во коишто понудата е дефицитарна
- Конкретни возрасни групи (пр. возраст 15-29, повозрасни, лица кои се вработиле во последните 5 години)

ПОКАЗАТЕЛИ: Расчленување

- Според демографија, социо-економски карактеристики (род, возраст, стопанска дејност, сектор, занимање, степен на наобразба, статус на вработување, стаж, вработување на определено или на неопределено време, мигрантски наспрема немигрантски работници итн.)

  - *Согледувања за потребата за доверливост и статистичка значајност*

Расчленување според групи од ISCO

Стапка на неусогласеност според степен на наобразба и поле на наобразба, занимање, %
Молдавија, Истражување на работната стила – LFS за прво тримесечје од 2017 г. (субјективен + нормативен пристап)



Најхетерогена група. Најниска стапка на усогласеност.

Највисока стапка на усогласеност.

Највисока стапка на неусогласеност според поле на наобразба

LFS-МОДУЛ ЗА НЕУСОГЛАСЕНОСТИТЕ

Намена: прибирање информации за потребните квалификации, работно искуство и вештини и до која мера тие соодветствуваат со личните квалификации, работно искуство и вештини на испитаникот.

Возрасен опфат: Сите работоспособни вработени членови на домаќинството (главно работно место/бизнис)

Структура

- Формални квалификации (опционално)
  - Потребен степен на наобразба
  - Потребно конкретно поле на наобразба
- Работно искуство/обука на работното место (опционално)
  - Минимална должина на работно искуство/обука на работното место што е потребна
  - Должина на работно искуство/обука на работното место што се поседува
- ВЕШТИНИ
  - Поседувани вештини за вршење работни задачи и задолженија
  - Потребни вештини
  - Важност на различните вештини што се потребни (опционално)
  - Потребно ниво на различните вештини
  - Ниво на различните вештини што се поседуваат
  - Соодветност на различните вештини што се поседуваат (преносливи вештини)

ВИ БЛАГОДАРАМ ЗА ВНИМАНИЕТО!